A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

### Извадок на дел од дневни настани 06.07.2019

Секторот за внатрешни работи Скопје ќе поднесе кривична пријава против Н.Ш.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека извршил едно кривично дело „тешка кражба". На 25.06.2019 година во периодот од 15.30 до 16.45 часот на паркинг простор на бул.„АСНОМ" во Скопје со употреба на сила од патничко возило „Фолксваген Голф" со со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.М., одзел торба со лични предмети и спортска опрема, по што побегнал. По преземени мерки, на 03.07.2019 Н.Ш. бил пронајден и лишен од слобода. Во разговор со полициски службеници тој го признал делото.

На 05.07.2019 околу 09.00 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на некатегоризиран пат во с.Горно Варовиште, кривопаланечко, на место викано „Санде-Калина‟, трактор со приколка, управуван од М.Ц. од истото село, се превртел и приколката ја поклопила Р.Ц.(74), која била сопатник на тракторот. Р.Ц. починала на местото на настанот, додека возачот М.Ц. се здобил со повреди и бил пренесен во Здравствен дом – Крива Паланка. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид извршила екипа од Полициската станица Крива Паланка, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

На 05.07.2019г. од полициски службеници на СВР Тетово приведен бил Х.Ќ.(40) од Тетово поради основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 05.07.2019 година во периодот од 17,30 до 19,00 часот извршен бил претрес во дом, помошни простории и угостителски објект на улицата „Штипска‟ во Тетово, сопственост на Х.Ќ., при што пронајдени биле и одземени метална дробилица со остатоци од зелена тревкаста материја, шише исполнето со бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 05.07.2019г. во 12.45 часот во Полициската станица Центар од полициска службеничка од СВР Скопје на Кеј Димитар Влахов, под мостот ,,Око'' бил приведен Б.Ш.(44) од Скопје поради основано сомнение за сторено кривично дело ,,тешка кражба на дрзок начин''. На 05.07.2019г. во близина на Соборниот Храм во Скопје Б.Ш. извршил дрска кражба и почнал да бега. При бегството во близина на Влада на РСМ на кејот на река Врадар бил забележан од полициската службеничка, но Б.Ш. скокнал во реката по што со цел да не избега по него во реката скокнала и полициската службеничка која пливајќи успеала да го стигне и приведе на другата страна од реката во близина на зградата на Основното јавно обвинителство.

На 05.07.2019 година во 21.20 часот во Полициска станица Чаир, Р.Н.(50) од Скопје, пријавил дека во с.Визбегово неговиот 15 годишен син бил каснат од куче скитник во пределот на левата рака.

На 05.07.2019 година во 15,00 часот било пријавено дека на патот Битола-Прилеп пред Кукуречанска крстосница, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило Фургон „Цитроен Џампер‟ со велешки регистарски ознаки управувано од И.Л.(37) од Богданци и влекач со седло „Даф‟ со приколка со охридски регистарски ознаки управувано од Л.А.(59) од Охрид. Во незгодата И.Л. се здобил со тешки телесни повреди по што бил

пренесен во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Битола и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 05.07.2019 година во 15,00 часот било пријавено дека во близина на мост кај с.Башино село С.А.(58) од Велес управувајќи мопед "Лонџија" со велешки регистарски ознаки паднал од мопедот. С.А. се здобил со тешки телесни повреди констатирани од страна на лекар од Општата болница во Велес. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Велес и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 06.07.2019 година во времето од 00,00 до 03,30 часот од страна на полициски службеници била извршена акциска контрола во угостителски објект лоциран на регионалниот пат за с.Сараќино. Во објектот биле затекнати лицата Е.Ќ.(26) и Љ.Н.(31) двајцата од Тетово кои при извршенниот преглед кај нив била пронајдена наркотична дрога хашиш. Потоа било затекнато и лицето М.К.(23) од Р.Албанија кој немал регулиран престој во РСМ. Лицата биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

Исто така на 06.07.2019 година во времето од 05,00 до 11,00 часот од страна на полициски службеници била извршена акциска контрола на подрачјето на Полициското одделение Чегране и во с.Чајле на три објекти биле затекнати шест лица: Ч.А.(40), Х.Д.(41), Ч.Ш.(61), А.Е.(26), А.М.(42) и З.Ч.(55) сите од Р.Албанија со непријавен престој во РСМ. Лицата биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

И на на 06.07.2019 година во времето од 05,00 до 11,00 часот од полициски службеници спроведена била акциска контрола на подрачјето на Полициската станица Гостивар и при контрола во седум објекти биле затекнати 13 државјани од Р.Албанија со непријавен престој во РСМ, и истите биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

На 05.07.2019 година во 19,45 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Војник-с.Клечовце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Форд Фокус" управувано од М.Б.(24) од Куманово и патничко моторно возило „Митсубуши" со кумановски регистарски ознаки управувано од Ј.Т.(52) од Кратово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле сопатниците од возилото "Митсубуши" А.Т.(38) и сопатник на возраст од 11 години, а друг сопатник на 12 годишна возраст се здобил со телесни повреди. Со возило на Итна медицинска помош лицата биле пренесени во Клиничката болница Куманово за укажување на лекарска помош, а двете лица со здобиени тешки телесни повреди биле препратени во Комплексот клиники "Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Куманово и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 05.07.2019 година во 10,50 часот било пријавено дека во Кичево на улицата "Маршал Тито" патничко моторно возило "Волксфаген Поло" со кичевски регистарски ознаки управувано од А.С.(60) од Кичево удрило во пешакот Л.З.(85) од Кичево. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицинскиот центар Кичево за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Кичево и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 06.07.2019 година во 06,00 часот во СВР Куманово М.Б.(24) од Куманово пријавил дека истиот ден околу 03,30 часот во ноќен клуб во с.Проевце бил физички нападнат од лицето С.С. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.07.2019 година во 01,30 часот во СВР Тетово Н.Д.(27) од Тетово вработен во агенција за обезбедување пријавил дека истиот ден околу 00,25 часот во угостителски објект лоциран на улицата ,,Борис Кидриќ" лицето С.Д.(19) од Тетово го нарушил јавниот ред и мир. Лицето било приведено во полициска станица за понатамошна постапка и по целосното расчистување на настанот ќе следи поднесок.

На 06.07.2019 година во 02,40 часот во СВР Скопје А.А.(53) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 01,00 часот на улица ,,Максуд Садик'' физички бил нападнат неговиот малолетен син од лицето Ѓ.Х. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.07.2019 година во 22,15 часот во СВР Скопје П.С.(44) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22,10 часот на улицата "Христо Татарчев" физички бил нападнат неговиот 16 годишен син од непознат сторител. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.07.2019 година во 00.45 часот во Полициска станица Прилеп, 22-годишна девојка пријавила силување од страна на Е.А.(28) од с. Дебреште, со кого претходно била во врска 7 месеци. Е.А. е лишен од слобода и полициски службеници од Полициска станица Прилеп превземаат активности за расветлување на случајот.

На 05.07.2019 година во 23.23 часот пријавено е дека малолетник од с. Драчевица додека бил на нива во м.в.„Тречничка река" во ногата бил погоден од залутана дијабола од воздушна пушка. Констатирана е телесна повреда и пустен е на домашно лекување.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

(/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)